ОКТА

ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

ОКТА AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788

www.okta-elpe.com

Тел. +389 75 217535
e-mail:ipapic@helpe.gr
Дата: 30/08/2022

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1467/22**

Купувач: И.Станковска
Рок на доставување: **13/09/2022**

До:
e-mail:
Број на страни: 4+2+10

☒ ПОНУДА

☐ БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за изработка на основен проект за рехабилитација на индуструска улична мрежа за потребите во комплекс на ОКТА АД -Скопје и вршење на стручен надзор при изградба согласно условите и објаснувањето дадено во **Прилог 2- Тендерска документација ОКТА.**

- **НАПОМЕНА:**

Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите: ipapic@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr најдоцна до **Среда 07.09.2022 год. како би Ви ја доставиле тендерската документација врз основа на која ке ја доставите Вашата понуда.**

**При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.**

Пред доставување на понудите, задолжително е понудувачите да направат увид во ОКТА АД - Скопје .

Денови предвидени за увид, **од понеделник до петок** од 09:00 – 14:00 h.

**Доколку понудувачите немаат направено увид на лице место нивните Понуди при евалуацијата нема да се земаат во предвид.**

Лица за контакт во ОКТА за технички прашања:

- Божиновски Јовица моб тел 075 475 634
- Драги Недев моб тел 075 475 634
- Виктор Ананиев моб тел 075 343 471

**Со најповолниот Понудувач ќе се направи Договор/Порачка за реализирање на бараната услуга.**

- **ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА**

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1467/22"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)
**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на13/09/2022.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:
ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени **два затворени коверти** и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката " **ТЕХНИЧКА ПОНУДА** " и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката "**ФИНАНСИСКА ПОНУДА**" и називот на понудувачот.

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда **доколку сите документи наведени во доставената Спецификација не се доставени во рокот за доставување понуди или во дополнително продолжениот рок.** Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена и ќе му биде вратена на Понудувачот.

**Во ковертот кој ќе ја содржи ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

- **Податоци за компанијата**

- Оригинал Тековна состојба, издадена од Централен регистар на Р.М. (не постара од 6 месеци);
- Минимум Лиценца Б за проектирање;
- Минимум Лиценца Б за надзор;
- Овластување Б за изработка на проектна документација од градежништво;
- Овластување Б за вршење на надзор од градежништво;
- Референтна листа за извршени исти или слични услуги;
- Рок на изработка;

**Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се доставаат:**

Цени и сите потребни информации согласно описот даден во **Прилог 1 – Образец на финансиска понуда**

**Напомена:**

- Понудените цени треба да бидат непроменливи/фиксни за целиот период на важност на договорот;
- Понудата потребно е да има валидност од најмалку **60 (шеесет) дена;**
- Добитникот на тендерот е должен услугата за изработка на проектна документација да ја изврши најдоцна во рок од 100 (сто) работни денови од моментот на потпишување на договорот.

➢ **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**:

1. Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата“, ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
2. Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
3. Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понудувачите можат да ги достават само писмено (по електронска пошта). ОКТА нема да преземе одговорност за усни инструкции или предлози.
4. ОКТА , по свое сопствено убедување, може да обезбеди и дополнителни информации за понудувачите. Дополнителни информации обезбедени од ОКТА ќе бидат испратени истовремено до сите понудувачи во разумен рок. Горенаведените информации ќе станат дел од ова Барање.
5. Понудувачот прифаќа дека ова Барање за понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.
6. Цената на понудата да биде изразена во ДЕНАРИ без ДДВ. (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).

Понудите кои нема да бидат доставени до дефинираниот краен рок, или продолжениот рок за доставување, или не се подготвени според ова Барање понуди, нема да се разгледуваат.

Поздрав,
Ива Станковска

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски